# „Никој од вас нека не се чисти со помалку од три камчиња.”’

Од Селман, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Мушриците ни рекоа: ‚Гледаме дека вашиот другар (Пратеникот) ве поучува на сè – дури и на правилата за вршење нужда.’ Тој одговори: ‚Да, ни забрани некој од нас да се чисти со десната рака, или да биде свртен кон Киблата, и ни забрани чистење со измет и коски. И рече: „Никој од вас нека не се чисти со помалку од три камчиња.”’

[صحيح] [رواه مسلم]

Селман ел-Фариси, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Мушриците ни рекоа подбивно: „Вашиот пратеник ве учи на сè – дури и како да вршите мала или голема нужда!“ Селман одговори: „Да, тој нè поучи на правилата на однесување при извршувањето на физиолошка потреба. Меѓу нив е и тоа што ни забрани, салаллаху алејхи ве селем, да се чистиме по нужда со десната рака – од почит кон неа и за да се заштити од нечистотија; ни забрани да бидеме свртени кон Киблата при вршење мала или голема нужда; и ни забрани чистење со измет од животни, нивните суви остатоци и со коска. Исто така, ни нареди при чистење да не користиме помалку од три камчиња.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee